сакралната архитектура, со извесни историски уточнувања, хронологија, социолошка раслоеност и систематизација на одделни типови цркви; мали и големи базилики, вишан крст во правоаголен простор со слободни столпци, триконхоси, слободен крст и еднокорабни. *Проф. д-р Блага Алексова* во својот реферат „Првите словенски цркви по Брегалница" врз основа на историски податоци, литературни извори и најнови ископини и истражувања укажува дека по Брегалница на преодот од доцната антика во средниот век, се наоѓале значајни воени, административни и организирани ранохристијански црковни центри со епископски седишта во Баргала и Запара.

*Проф. д-р Франтишек В. Мареш* од Виена на многу суптилен начин говори за значењето на Методиј за почетоците на словенската писменост, *проф. д-р Јоже Погачник* од Осијек се задржа на културолошките премиси во Кирило-методиевската традиција. *Д-р Коста Балабанов* зборуваше за ширењето на култот на словенските просветители Кирил и Методиј во периодот од XIX век, а *Љупка Василев* за „Орнаментиката на Болоњскиот псалтир". *Д-р Лидија Славева* презентира еден новооткриен триод од XI век, а *м-р Красимира Илиевска* настапи со соопштение на тема „По трагите на Методиевиот Номоканон".

По излагањата на рефератите се разви дискусија, во која зедоа учество голем број од референтите. Многу податоци беа уточнети и дополнети, а многу прашања беа иницирани и ќе бидат предмет на идни собири или истражувања. Според оценките искажани на завршната седница, овој научен собир донесе низа излагања и научни проникнувања во Кирило-методиевската проблематика од историски, книжевноисториски и од други истражувачки домени што претставуваат значаен придонес кон изучувањето на Кирило-методиевската проблематика како во однос на одделни опсервации, така и во однос на интердисциплинарната обработка на некои прашања. Според, тоа, зборникот што во издание на Македонската академија на науките и уметностите ќе биде објавен ќе биде дочекан со интерес во научниот свет.

Благој СТОИЧОВСКИ

## ОД РАБОТАТА НА XI—ЈУГОСЛОВЕНСКИ СИМПОЗИУМ ЗА НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

Во организација на постојаната Комисија за наставата по историја при Сојузот на друштвата на историчарите на Југославија, Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија и Републичкиот завод за унапредувањето на образованието и воспитанието на СР Македонија, на 28, 29 и 30 август 1985 година во

хотелот „Радика“ село Леуново—Маврово се одржа единасеттиот по ред Југословенски симпозиум за наставата по историја.

Како и на претходно одржаните десет Југословенски симпозиуми за настава по историја во кои беа разработени стручни и методско-педагошки проблеми со цел унапредувањето на наставата по историја во основното, средното и високото образование, така и на овој симпозиум беше разработена основната тема: НАУЧНИ, ИДЕЈНИ И МЕТОДСКИ ПРОБЛЕМИ ВО НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА ВО ПОВОЕНИОТ ПЕРИОД (од 1945 година до денес).

Од СР Македонија на симпозиумот покрај присутните наставници од основното и средното образование, советниците од заводите за школство и други, присуствуваа и претставници од РК на ССРНМ, РК за образование и наука, Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитанието, ЦК на СКМ, „Просветно дело“ и други.

Во рамките на симпозиумот на кој беа присутни околу 200 учесници, наставници и професори по историја од основните и средните училишта и високото образование, од кои половината беа од другите социјалистички републики и покраини на Југославија беа изнесени десет реферати од истакнати историчари, методичари и практичари.

Симпозиумот го отвори претседателот на постојаната Комисија за наставата по историја д-р Хрвоје Матковиќ, кој во своето воведно излагање го истакна значењето на овој како и другите досега одржани десет симпозиуми во решавањето на заедничките општо-југословенски проблеми во однос на наставата по историја. Потоа од името на организаторот и домаќинот на овој собир, присутните делегати беа поздравени и од претседателот на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија д-р Марија Јовановиќ и претседателот на Собранието на општина Гостивар Дилавер Зулфиќари, кој накратко ги информира присутните со најкарактеристичните географско-економски и стопански особености и перспективи за развој на оваа општина.

Според однапред предложениот дневен ред, Симпозиумот својата работа ја започна со воведното излагање на секретарот на Претседателството на ЦК на СКЈ другарот Димче Беловски на тема: АКТУЕЛНАТА МЕЃУНАРОДНА ПОЛИТИЧКА СИТУАЦИЈА ВО СВЕТОТ. Осврнувајќи се на актуелните меѓународни политички проблеми во светот тој посебно се задржа на надворешно-политичката ситуација на Југославија од ослободувањето до денес, така што неговото излагање всушност беше увод во понатамошното изнесување на основната тема на симпозиумот која беше разработена од следните референти:

— „Најзначајнији савремени друштвени и политички проблеми које треба изучавати у настави хисторије“ од Наум Димовски од Скопје,

— „Уџбеници, приручници и огледна средствата као извор знања у обради садржаја послератног раздобља“ од Тодор Крецу од Панчево,

— „Новија научна и публицистичка литература о послератном раздобљу са становишта коришће-

ња у наставном процесу“ од Миралем Арсланаѓиќ од Сарајево,

— „Научни и методолошки проблеми проучавања хисторије послератног раздобља у СР Словенији“ од Душан Нечак од Љубљана,

— „Нека идејна питања послератне хисториографије у СР Словенији“ од Мартин Иванчиќ од Љубљана,

— „О методичким особеностима сата хисторије са садржајима послератног раздобља“ од Милан Трипловиќ од Ваљево,

— „Једно новије марксистичко схватање категорије у хисториској науци и могуќности његове примене у настави“ од Милутин Перовиќ од Белград,

— „Програмска настава и програмирани материјали за обраду повјесних садржаја послератног раздобља“ од Иво Рендиќ-Миочевиќ до Ријека,

— „Заступљеност најновије хисторије (опќе и националне) на факултетима и високим школама Југославије“ од Војо Кушевски од Скопје, и

— „Осврт на програме и уџбенике хисторије за усмерено образовање у СР Словенији“ од Марија Кременшек од Љубљана.

По поднесувањето на рефератите беше покрената обемна дискусија во која наставниците и историчарите од Југославија од стручен, методско-педагошки и идејно-политички аспект ги изнесоа своите мислења за наставата по историја воопшто и застапеноста на најновата повоена историја на Југославија. Сите учесници во дискусијата беа едногласни во оценките:

— дека со примената на новиот систем на наставните програми во средните училишта предметот по историја е потиснат и исфрлен на спореден односно второстепен план во однос на другите општествено-хуманитарни дисциплини воопшто во наставата;

— дека е мал фондот на часовите за наставата по историја за кои со двата часа неделно, колку што историјата се учи во прпрвите две години во средното насочено образование, воопшто не е можно да се опфатат сите важни настани, а учениците остануваат осиромашени за многу процеси и настани од повоената историја за која добиваат само некои исфрлени и глобални податоци;

— дека е слаба опременоста на училиштата со нагледни наставни средства;

— дека за изучувањето на повоената историја во втората година од средното образование, наставниците по историја не се оспособени за предавањето на овој дел од историјата и при тоа се налага потребата од следење на современата литература за овој период и осовременувањето на наставниот процес;

— дека југословенската историографија за повоениот период заостанува во однос на другите дисциплини. Имено поради разграничувањето ѝ од наставните часови по основите на марксизмот, а при тоа наставниците по историја не можат да го предаваат и овој предмет каков што е случајот со наставниците од СР Словенија;

— дека е неопходно во наставните програми по историја во средните училишта и на факултетите повеќе простор да им се отстапи на проучувањето на пово-

ената историја на југословенските народи и народноси; и

— дека без оглед на блиската историска дистанца за подобрувањето и изучувањето на повоената историја во наставните програми, потребно е таа да се ослободи од разните поединечни притисоци, како и тесните догматски толкувања на настаните од последните четириесет години. Така до аспект на положбата и ограничената застапеност на наставата за повоениот период во процесот на образованието во училиштата од средното образование и факултетите е едногласно подвлечена констатацијата дека кај младата генерација ученици и студенти не може да се развие историското мислење и свест.

На крајот на симпозиумот претседателот на постојаната Комисија за наставата по историја при Сојузот на друштвата на историчарите на Југославија д-р Хрвоје Матковиќ, оценувајќи ја работата на симпозиумот како мошне садржајна и успешна, уште еднаш ја истакна потребата од продолжувањето на традицијата на одржување вакви симпозиуми. Нивното значење, рече тој, се состои во тоа што наставниците по историја имаат можност да разменуваат мислења, да се договараат, да ги анализираат и сумираат проблемите со кои се соочува наставата по историја во Југославија, со единствената цел за зацврстувањето на братството и единството на нашата општојугословенска многунационална заедница.

Со напомената дека изнесените реферати од овој собир ќе бидат објавени во списанието „Настава по Историја“ бр. 1 за 1985 година д-р Хрвоје Матковиќ им се заблагодари на организаторот на овој симпозиум, Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија, Републичкиот завод за унапредувањето на образованието и воспитанието, и управата на хотелот „Радика“ за високото стручно и беспрекорно организирање на симпозиумот и при тоа ги покани присутните да земаат учество и на идниот дванаесетти по ред симпозиум кој ќе се одржи кон крајот на месец август 1986 година во СР Хрватска на тема: ПРОБЛЕМИ УНОШЕЊА НОВИХ РЕЗУЛТАТА ПО ХИСТОРИЈЕ или ПРОБЛЕМИ УНОШЕЊА НОВИХ РЕЗУЛТАТА ИСТОРИОГРАФА У НАСТАВА ПО ХИСТОРИЈЕ.

Овој значајан собир заврши со работа во текот на третиот ден со организирање стручна екскурзија по долината на реката Радика и посета на манастирот Свети Јован Бигорски.

Димитар ДИМУЛКОВ

## ИНТЕРКАТЕДАРСКА КОНФЕРЕНЦИЈА, Сараево, 8—9. XI. 1985 год.

На 8 и 9 ноември 1985 година се одржа конференција на наставно-научните студиски групи или отсеци по историја на Филозофските факултети во земјата. На конференцијата беа присутни претставниците на скоро сите групи односно отсеци. На дневен ред